ДАВОР ТОЦИНОВСКИ

ПРЕДИЗВИКОТ НИШТО

Текстуално документирани ликовни перформанси

DAVOR TOCINOVSKI

THE „NOTHING“ CHALLENGE

Textually documented art performances

Издавач:
АКАДЕМСКА МИСЛА дооел Скопје
бул. Партизански одреди“ бр. 7/36 - Скопје
akademskamisla@gmail.com

За издавачот:
Ѓорѓи Лазаревски

Уредник:
Сашо Огненовски

Превод на англиски:
Сандра Прилепчанска

Лектор:
Верица Тоциновска

© Давор Тоциновски

Корица:
Давор Тоциновски

Печати:
Академска мисла дооел Скопје

Тираж: 100

ЦИП ...
ISBN 978-608-5087-04-4

ДАВОР ТОЦИНОВСКИ

ПРЕДИЗВИКОТ НИШТО

Текстуално документирани ликовни перформанси

DAVOR TOCINOVSKI

THE „NOTHING“ CHALLENGE

Textually documented art performances

Скопје – Skopje, 2025

Воздржаност од уметност

Овој текстуално-документиран ликовен перформанс што ќе го образложиме во овој наратив има примеси кои се конектираат со „neoism“ или „parodistic-ism“ супкултурен експериментален правец, а тоа што се потпираме на воспоставените принципи на „neoism“ е причината што ваква ликовна акција, мислиме на ликовниот перформанс кој е презентирано во делото „Воздржаност од уметност“, е пандан и е претходно изведена од страна на Stewart Home, насловена како „Art Strike“ од 1990 до 1993 година. Во суштина ликовната акција е преземена од друг автор, но ја експлоатираме исклучително перформансната интерпретација, односно наш интерес е само преземањето на замислата дека не треба да се работи и дејствува, односно да се биде активен на естетски план подолг временски период, додека пак темата, концептот и содржината што ги третираме и зошто го правиме тоа се целосно дијаметрално различни и полемизираат со други естетски димензии и конотации, за разлика од темата што ја обработува Art Strike, така што тие концепциски разединувања ќе ги експонираме во овој текст.

Во овој ликовен перформанс акцент ставаме на нашата апстиненција од сферата на естетиката од периодот од 2010 до 2022 година, форма каде што невалоризираме, неизвршуваме, несоздаваме, некреираме, непрезентираме, не се едуцираме и некомерцијализираме во ниту еден сегмент од науката за убавото. Укажуваме дека ниту во класичен ниту во алтернативен објект, простор или амбиент немаме експонирано, изложувано, претставувано ликовна презентација ниту публикувано или изложувано каков било културолошки продукт без разлика на неговата медиумска уметничка физиономија или

културолошка формација која третира и застапува содржини од која било сфера на естетиката. Наведениот акт го перформиравме во 12-годишен период, и таа актуализирана ситуација на културолошка презентирачка апстиненција ја преобразуваме и оправдуваме во фактичка состојба со артефактот кој фигурира како податок. Континуитетот на делото прогресира со перформансна активност која илустрира дека во горенаведениот временски период немаме конципирано, реализирано, направено уметничко дело или производ, без разлика дали припаѓа на естетизирани медиумски етаблирани основи или пак на медиумски алтернативни фракции (тука спаѓаат сите форми на интелектуални високо вреднувани или непрофесионални културолошки изрази), односно не сме креирале и не сме биле инволвирани во уметничка и културно-творечка ангажираност која на крајот од активноста би рефлектирала со конкретен естетски продукт или производ и таа фактичка состојба е реалност со аргументот дека во каква било форма на културен презентер и информатор не циркулира никакво наше творештво во гореспоменатиот период. Се оградуваме и не сме биле инволвирани во каква било друга едукација со културолошки концепт (како студирање, посетување курсеви и друго), немаме менторска поддршка од институционални образовни системи, не сме биле подложени на информираност или надоградба која би резултирала со интелектуална прогресија како наметнат став од едукативниот систем, така што овие двигателни ментални функции ги надградувавме со индивидуални методи и практики. Исто така, не фигурираме како вработено лице ни во која било област или сфера од културолошко општествени институции без разлика дали се од државен или приватен карактер, не ги користиме индивидуалните естетски атрибути или способности за да обезбедиме егзистенција и за да профитираме од струката уметност, така што во претходно определениот временски период естетиката воопшто не ја валоризираме како комерцијална потреба. Дванаесетгодишната воздржаност и апстиненцијата од горенаведените суштини,

карактеристики и практики во уметноста и културата е период којшто придонесува за индивидуална ментална неповрзаност со персоналните структури кои поседуваат естетско сетилни чувства чија функционалност е да восприма и интерпретира содржини од науката за убавото. Така наведената рехабилитација резултира со епилог за дистанцирање од естетските сетилни чувства, а воедно и од креативните визионерски и творечкоментални аспекти кои беа конципирани со претходно причинско последична умисла која придонесе парадоксалниот чин на дистанцирање од естетиката се наметнува за пред малку споменатиот изведен акт на воздржаност да го третираме како ликовен искреиран продукт. Оградувањето од уметноста, а проследено и од други културолошки дејности се чинот на естетска авторска деструктивност од наведениот период, но како повратен ефект врз авторскиот деструктивен вандализам се создава естетизирана аура која креира нов текстуално документиран ликовен перформанс, односно уметничко дело со примеси на „neoism“ или „parodistic-ism“. **Доаѓаме до заклучок дека неправењето уметност самото по себе може да биде уметност**. Индивидуалната рехабилитација од зависноста на формата уметност што ја акумулиравме во споменатиот период кој предизвикува автентични состојби и искуства надоградени со катарзични кулминации, некои со позитивен карактер а некои со негативен епилог. Ќе спомнеме дека се занимаваме со уметност од 1990 година, а тоа се почетоците во средното уметничко училиште и бележи континуитет со сите образовни едукации и профилирање на персонални творечки надградби, стадиуми и ликовни презентации до 2010 година, времето кога се одлучуваме за воздржување и оградување од уметноста, се до 2022 година, која на крајот од претходно зададениот рок во дистанцираното огледало креираме дело, а со тоа и формулација која навестува дека зависноста е невозможно да се ампутира во целост. Состојбата на рехабилитација не беше предизвикана од меланхолија, апатичност или разочараност од естетиката, туку со ова дело намерата ни е да предизвикаме

констелација (меѓусебен однос) помеѓу актот креирање на естетиката и активноста на апстиненцијата од естетиката.

Како што спомнавме ликовната акција од Stewart Home насловена како „Уметничкиот штрајк“ (Art Strike) од 1990 до 1993 е изведена, ние само ја репродуцираме, реконструираме, во филмски жаргон кажано правиме „римејк“, а во ликовен аспект кажано се потпираме на постулатите и принципите на супкултурниот правец „neoism“ со тоа што ставаме акцент само на акцијата или на ликовниот перформанс од неговото дело, а тематиката, суштината и содржината на концептот во целост ја менуваме и ја насочуваме во новоискреирана конотација. Сакаме да ве упатиме во концептуалните разлики на делото „Art Strike“ и на делото „Воздржаност од уметноста“. За да го остваримe тоа имаме потреба да предочиме дека и самиот Stewart Home и акцијата и концептот, односно делото целосно го презема од авторот Gustav Metzger кој е покровител на оваа идеја, но никогаш не успеал да ја реализира и останала во рамките на замисла. Според овој податок се доаѓа до заклучок, а и самиот автор Stewart Home свесно тоа го потенцира, дека неговото дело „Art Strike“ се потпира на принципите на „neoism“ или „parodistic-ism“, идентично како и во нашиот случај. Тој во неговото дело „Art Strike“ пропагира дека актот на протестот е подигнат со мотивот да се осакати културолошкиот систем, и дека одбивањето на трудот е главното оружје на уметниците кои се борат против воспоставениот естетски систем од страна на културолошките институции. Но, да не го објаснуваме стожерот на делото на Stewart Home ќе ве упатиме во главнината на концептот со цитат кој дава опис на идејата чиј креатор или матрицата е на Gustav Metzger. ***Во 1974 година Gustav Metzger упати повик до уметниците да го повлечат својот труд најмалку три години.***

Повикот ги критикува доктрините како што се „ангажман на уметниците со политичка борба“ и „употреба на уметноста за општествени промени“, како и „уметноста во

служба на револуцијата“ како реакционерна. Наместо тоа, тој наведува дека „уметниците ги нападнале преовладувачките методи на производство, дистрибуција и потрошувачка на уметност“ и дека „одбивањето на трудот е главното оружје на работниците кои се бораат против системот“. Три години се наведуваат како „минимален период потребен за да се осакати системот“.

Иако повикот не ги користи зборовите „Art Strike“, Metzger се поврзува со концептот.

https://en-m-wikipedia-org.translate.goog/wiki/Art_Strike?_x_tr_sl=en&_x_tr_tl=mk&_x_tr_hl=mk&_x_tr_pto=sc

Овој мотив и оваа содржина за потенцирање и пропагирање на уметничкиот штрајк не се наш интерес и наша област на истражување, па заради доленаведените причини таа тематика не ја прифаќаме и во целост ја елиминираме од делото „Воздржаност од уметност“. Не дека не се согласуваме со нивните ставови, но за нашиот личен афинитет концептот на Gustav Metzger има тенденција која насочува и се темели на политички активизам чијашто манифестација и постулатите на оваа тематика нè потсетуваат на социјални манифести кои иницираат и спроведуваат протестна нота против општествената структура, само што во концептот на Metzger агресијата е насочена против уметничките институции, мецени и конструираните ставови кои тие ги пропагираат. За нашите критериуми наведените содржини за штрајк се застарени доктрини, мотиви и состојби на кои им е поминато времето и биле актуелни во периодот кога Gustav Metzger ги искреирал. Ќе направиме компарација на автентични ситуации каде што опонентот користел методи за во практика да го конфронтираат работникот со системот или работодавецот, идентично како што Gustav Metzger како опонент го врбува и активира уметникот против естетскиот режим. Формата на штрајкот знаеме од каде потекнува и кои ѝ се намерите, така што апсорбираните информа-

ции и податоци за изразување револт креираат ставови кои нѐ канализираат да не ја омаловажуваме како протестна форма, но затоа рефлектираме став дека нејзината функција во времето во кое битисуваме ја гледаме како надмината етапа и ја сфаќаме како израз на револт кој некогаш успевал да ги промени иницираните проблеми, напомнувам некогаш а почесто штрајкувањето е окарактеризирано како маргинализирана акција која не ги придвижува насочените проблеми, идентично како што заврши и ја доживеа таа судбина и Уметничкиот штрајк „Art Strike“, адаптирано изреализиран од страна на Stewart Home. Заради овие несогласувања и спротивставени ставови правиме идентична реконструкција на акцијата, а со тоа и целосна деконструкција на содржината и на концептот присутни во делото „Воздржаност од уметност“.

Главната девиза на Stewart Home и Gustav Metzger е борба против културолошкиот воспоставен систем, а штом се атакува против системот тоа значи дека нивните стандарди констатираат дека актуелниот систем погрешно функционира, се движи во несакана насока за нивните критериуми, па заради тие причини сакаат да го променат атакувајќи со акцијата уметнички штрајк. Изведувајќи го наведениот акт со намера да се предизвикаат промени во културолошката конституција, тоа ја претставува преокупацијата на штрајкувачот која е насочена кон компонентот кој се окарактеризирува како виновник на тогашната моментална ситуација и состојба, па се заклучува дека револтираната личност поточно штрајкувачот не констатира грешка во себе, туку вината е префрлена на други индивидуи. И Stewart Home и Gustav Metzger од самиот почеток се насочуваат со намерата да ги променат другите личности, а со тоа и нивните придружни воспоставени ставови. Намерата им е ментална деструкција и атак кон компонентите, а таа манифестација можеби ги променила личностите кон кои е извршен протестот со симптоми на напад, а сметаме дека можеби е и симптоматично дали ќе ги промени или дали ќе прогресираат

атакуваните индивидуи кои го креираат културолошкиот воспоставен систем, а со сигурност тврдиме дека таа анѓажираност нема да ги промени тие што ја прават психичката деструкција, односно штрајкувачите. Ќе се профилираме со старото правило, промени се себеси за да ги промениш и другите. Со намерата да се изменат ставовите на другите, тоа нема да го промени наметнувачот, со причина што тој грешката ја евидентира во компонентот, а не во самиот себе, па со таков изграден став наметнувачот ментално се визуализира како идеален психички сплет на емоции и ставови кои конструираат авторитет со агресивен чин кој сака да наметне и да успее да ги промени неистомислениците. А и да ги промени условно кажано противниците, со тоа го трасира нивниот пат кој останува само нивен, а тој што ја спроведува менталната агресија, штрајкувачот, неговиот пат останува идентичен како и претходно со истата насока и перцепција на патоказите со констатација дека тој (штрајкувачот) е идеално комплетирана и дефинирана структура на ставови и состојби. Кога се тргнува со намерата да се промени другиот, се затвораат индивидуалните чувства, перцепции, сетила и менталната констелација со став дека со наметнувачот сѐ е во ред, а пак таа констатација сугерира да не доаѓа до никаков прогрес на индивидуата и нејзината психосоматска состојба.

Воспоставената перформансна акција изведувана од наша страна, која ја третира проблематиката на стагнација, неправење, непрезентирање на каков било уметнички акт го компарираме со приказната за митот за Сизиф чијашто константа е буткање на каменот низ ридот, но по извесен период кога ќе дојде до одредено искачување не е во можност да се задржи на таа местоположба, а уште помалку да прогресира и напредува во искачувањето. Каменот идентично како и секој претходен пат се истркалува по удолницата и се враќа на рамницата, односно на самиот почеток, така што оваа манифестација која се повторува секогаш завршува со идентичен епилог, а на

посматрачот остава впечаток како Сизиф воопшто да не го буткал каменот, бидејќи никогаш не успеал да го искачи ридот, односно да ја исполни целта. Ова го споредуваме со изведбата на нашиот концепт каде што двигателна содржина е воздржување од уметноста и од ред нејзини специфики, па доаѓаме до констатација дека апстинирањето од наведените естетски компоненти придонесува на целосна изолираност на индивидуата од тој домен, со што се добива дефиницијата и впечатокот дека не придонесуваме и не правиме ништо во сферата на уметноста. Всушност Сизиф цело време е активен и инволвиран во повторливиот репродуциран процес со неговиот напор кој го манифестира со туркањето на каменот, идентично како што во наведениот период секојдневно во манеристички контекст повторувавме активно иста перформансна акција на несоздавање естетски продукт и неинволвираност во сферата на уметноста во повеќе перспективи. Апсурдноста на неправењето ништо (ништото) е термин којшто прераснува во стожер и актуелна тематска преокупација преточена во оваа ликовна акција што во моментов наративно ви ја презентираме, па наведениот контекст на третирање на ништото завршува како естетски производ, како што и приказната за Сизиф пред повеќе векови добива митолошка форма и станува културолошки продукт.

Митот за Сизиф е експлоатирана тема од повеќе културолошки сфери, а исто така е истражувана и обработувана содржина и од егзистенцијалистите. Со методи на авторска селективност избираме и го применуваме во нашиот труд за да ја манифестираме и обработиме етимологијата на терминот ништото, или ако го преформулираме или поедноставиме тоа ќе биде изразот што почесто ќе го користиме во текстот од причина што ќе биде двигател во образложувањето на тематската преокупација, термин што ќе ја полемизира и актуализира содржината и суштината на овој ликовен концепт, а тоа е зборот **ништо**.

Намерата ни е да направиме анализа на поставената констатација дека апстиненцијата од уметност може да се преобрази и карактерно да измутира и да дојде до степен да репродуцира уметност. Континуираната непродуктивност на естетски производ од страна на еден креативец е поистоветување со заклучокот дека тоа означува подолг временски процес да не се прави ништо во спомнатата сфера. На тој чин на публиката или посматрачот во прв момент му се наметнува заклучок, но и фактичка состојба дека неактивноста на уметникот резултира со немање ликовен експонат од кој било естетски медиум, односно ништото како конституција не рефлектира никаков ликовен продукт, па публиката од страната на авторот свесно се насочува кон таа констатација, а исто така тој став е поткрепен и поддржан и од нивните сетила кои не примаат никаков сигнал во форма на креација преформулирана од авторот. Но, со свесност на авторот, а тоа е и докажано со многу примери во современиот ликовниот свет дека тој ја поседува контролата надоградена со авторитет кој може да придонесе до конвертибилност и преобразување на оваа апсурдна ситуација, доколку самата апстиненција од естетиката и културологијата творецот ја акцентира а со тоа и прогласи како двигателен нео-концепт, чиишто примеси и постулати придонесуваат споменатата перформансна акција да се конституира како уметничко дело. Чинот на прогласување и профилирање на ликовен експонат ќе придонесе да се теоретизира дека константното ништо станува и се преформулира во конкретно нешто. Колку празното може да стане полно ако празното го идентификуваме со поимот ништо, а полното го замениме со изразот нешто. Тоа е доблеста на естетската филозофска етимологија која ја формира ликовната слобода чии неограничени формулации, принципи и методи му овозможуваат на авторот да парафразира и манипулира со нив сè до таму до каде што допира неговата интелектуална имагинација. Дури и во таа имагинативна визуализација која конструира дело, да не се содржани естетски вредности, со тек на еволути-

вен процес авторот таа константа за себе со сигурно, но ако е доволно естетски компетентен и за публиката, може да ја промени со наметнување на неговите искреирани критериуми. Доаѓаме до заклучок дека партиципирањето на ништото ја има конституцијата на моќта да оформува и произведува ликовен продукт.

Ќе го поставиме прашањето дали на крајот со нашето егзистирање, а тоа се манифестира со настапување на смртта, стануваме ништо. Ја бираме оваа тема од причина што смртта е најголем индикатор на ништото присутна како размисла кај општата популација. На ова прашање ќе ја надоврземе тезата дека човековите сознанија пред извесен период го презентираа атомот како најмалата структурна честичка на секој хемиски елемент кој го формира нашето тело, а исто така и генерира се околу нас. Тоа е надминат научен стадиум што се надоградува еволутивно и периодично каде што етапно се откриваат уште помали елементарни честички кои се содржина во внатрешноста на атомот и со нивното присуство придонесуваат на неговата функционалност. Нема да ги набројуваме по хронолошки редослед, ниту пак ќе ги објаснуваме нивните функции, бидејќи веќе стандардизираните елементарни честички стануваат застарена едукација од фактичката состојба што науката како визионерска референца открива нови елементи, а и понудува претпоставки за хемиски честички кои импонираат со нивната важност и кои допрва би требало да се откријат, а со тоа да придонесат во надоградување на актуелниот стадиум на развој во оваа сфера. Наведените податоци, пак, формираат платонска теза на размислувања и ставови дека обелоденетите и визионерско претпоставените структурни честички ја имаат силата да го негираат процесот на ништото по настапување на стадиумот смрт на една индивидуа. Со претпоставката дека елементарните честички кои го оформуваат човечкото тело и по смртта на индивидуата, каде што материјата исчезнува а во честичките остануваат информациите, нагласувам информаци-

јата, во форма на енергетски импулс искреиран од личните искуства од целокупниот стадиум на развој кој ги содржи податоците од самиот почеток до кобниот крај на постоењето на личноста која починала, честичките со тие информации продолжуваат да егзистираат со можност и енергетски да еволуираат разложувајќи се во црните дупки некаде во космичката структура рефлектирајќи се како илузионистички холограм. Оваа визионерска претпоставка е површно излагање и во неколку реченици е комплицирано да се прикаже, но таа претпоставка е конструирана од едукативно акумулирани научни статии кои ја обработуваат темата „Вселената како холограм“. Сепак ова размислување за „Вселената како холограм“ за сега се базира на научна претпоставка, и овие хипотетички тези во никој случај не фигурираат како научна фактичка ситуација, а може би со тек на време ќе прерасне во потврдена теорија.

Ќе се насочиме и кон други претпоставки. Космосот пред да настане дали бил сенешто и целосно распространета содржина којашто почнала да се собира и да се трансформира во само една минијатурна точка која причински последично ја предизвикало големата експлозија, и дали тоа сенешто е создадено од ништо? Следат научните теории поткрепени со автентични претпоставки дека моменталниот стадиум на вселената е забрзано ширење, експанзија која ќе продолжи да се шири со претпоставка дека ќе се разгради и дематеријализира се до степен додека не стане ништо. Ова се хипотетички реторики и размислувања кои се актуелни човечки преокупации во периодот кога се пишува овој текст. Со тек на време некои од нив ќе бидат потврдени и констатирани како фактичка состојба, а некои со нивната неточност ќе бидат сфатени само како човечка имагинација, од причина што се базираат на претпоставки од страна на примарната социокултура вградени во современата индивидуа што ја третира и е засегната од терминологијата ништото.

Поимот ништо е полемизирана содржина од филозофите кој битисувал пред новата ера, така што темата будела интерес и во филозофските кругови, во средновековието и во современиот период. Доаѓа стадиум, според наше мислење, оти филозофијата од причината дека останува едукација која произведува само терминолошки концепти и дијалектички реторики кои ретко се поткрепени со фактичка состојба и верификувани констатации, па поради тие причини филозофијата во целост е засенета од новосоздадената астрономска наука која се занимава со полемизирање на универзумот и која за разлика од филозофијата со технолошките достигнувања кои ги користи како инструмент за да имплицира еквивалентни докази и студии кои придонесуваат да се доаѓа до фактичка потврдена или побиена состојба на третираната проблематика. Во науката за универзумот се ределе повеќе теории кои во целост го негираат ништото, па дури и космичката темнина што човековото око ја перципира како празнина а ја сфаќа како ништо, квантната наука ја објаснува првенствено како вакуум, подоцна како етер и така натаму. ***Во некои погледи вакуумот и етерот се третираат како синоними од науката. Во модерната теорија на квантното поле, целосно празен вакуум не е со енергија од нултата точка, најниската можна енергетска состојба. Првпат предложена од Пол Дирак во 1927 година, состојбата со најниска енергија има постојани случајни вакуумски флуктуации кои доведуваат до постоење на краткотрајни виртуелни честички. Ова донекаде потсетува на идеите од раниот филозофски пленум и значи дека вакуумот и ништото секако не се синоними.***

https://en-m-wikipedia-org.translate.goog/wiki/Nothing?_x_tr_sl=en&_x_tr_tl=mk&_x_tr_hl=mk&_x_tr_pto=sc

Да кажеме и тоа дека и филозофијата го негира ништото со ретки исклучоци, а и квантната наука, исто така, со теоријата за вакуум, поточно со теорија Quantum Fluktation, нѐ

насочува кон тој заклучок, а научните трудови „Вселената како холограм“ може ќе остане претпоставка од причина што е во фаза на хипотетичка теза. Од овие разгледувања се доаѓа до заклучок дека ништото во универзумот е само човечка фикција и не постои како реален постулат. Правењето компарација на ништото во универзумското пространство со ништото во културолошкиот свет доаѓаме до заклучок дека ништо во ликовната сфера е само моментална привидна визуелна илузија која ги манипулира сетилата на партиципиентот или публиката. Таа манипулативна естетска имагинација (мислиме на ништото) не кореспондира и не е во состојба да воспостави целосна констелација со концептот кој го има авторитетот идентично како етерот и вакуумот во природата да оформуваат и да претставуваат конкретизирано нешто. Поради констатацијата дека концептот креира и конкретизира нешто во форма на уметнички податок таа формулација го апстинира ништото. Идејната суштина или концептот во естетиката придонесува да го изолира ништото, а без идеја односно концепт имаме актуализирани авторски ставови дека не е возможно да се искреира естетски продукт. Според наше мислење концептот ја поседува двигателната формулација за обликување уметнички производ или дело. Уметничкиот производ во денешницата ги поместува критериумите и ставовите во поглед на концептот со тоа што може да го маргинализира, но не е во состојба во целост да го изостави, а може да дојде период кога целосно ќе се отфрли од ликовното дело. Слободата на изразување е одамна надминат стадиум во уметноста, така што ние се трудиме колку што можеме повеќе да го минимизираме концептот, а со тоа да влијаеме на промена на квантитетот на фабулата и физиономијата на суштината да се изведе во „свумато“ техника, а таа замагленост првично да ја маскира содржината нудејќи културолошка мистичност која ќе бара капацитет и информираност од страна на публиката за нејзино демаскирање. Концептот во современата ера има флексибилни ставови и постулати во формирање на неговиот капацитетот со влијание

во монументалноста или пак минималноста и му овозможуваат на современиот автор да експериментира со нив. Оваа констатација го поткрепува нашиот став и ни дава право да резимираме дека со тоа што привидно не работевме ништо во сферата на естетиката сепак неработењето ништо претставува воспоставен концепт во делото и таа проблематика ја третира како конкретно нешто.

Деконструкција на материјата и материјалното

Делото што ви го нудиме не го оградуваме од формата книжевна сфера од причина што на прв поглед ги содржи сите медиумски примеси, но оваа пишана наративна конфигурација ќе се обидеме да ја поткрепиме со постулатите на концептуализмот и неоконцептуализмот, правци чиишто засновани ставови, принципи и директиви ни даваат право пишаната реторика да ја вбројуваме како ликовно дело, односно да ја третираме како текстуална презентација на веќе интерпретирана уметничка перформансна изведба, а медиумот на овој естетски проект би го дефинирале како **текстуално документиран ликовен перформанс**. Звучиме контрадикторно во однос на претходно кажаното, но ова дело не го сметаме во целост за концептуален или за неоконцептуален продукт иако заради применувањето и присуството на наративноста изразена преку текстуалност самиот естетски експонат содржи такви примеси. Наведуваме дека не го сметаме во целост за концептуален или за неоконцептуален продукт од причина што во ликовната презентација немаме потреба и не маневрираме со причина за да го деструктуираме и дематеријализираме уметничкиот објект кој мислиме дека е присутен како конкретизирана фактичка состојба поради што како авторски израз го користиме медиумот ликовен перформанс, односно го користиме телото како уметнички објект, а физикусот интерпретира соодветни гестикулации и акти кои рефлектираат содржинска асоцијација. Четивото го третираме како писмен модел кој претставува еден сегмент или еден медиумски фрагмент од целокупноста на делото, а за да се дојде до формата на текстуалност пред него беше изведен концепт во манир на ликовно-перформансен

акт кој од наше дистанцирано гледиште го сметаме за почетна константа, стожерен и двигателен оформувач на самиот проект. Текстуалноста ја синтетизираме со друг ликовен медиум (ликовен перформанс) кој претставува доминантна конструкција во естетскиот продукт, па ваквото естетско дисциплинарно комбинирање воспоставува медиумска интеракција која со нејзините начела придонесува за комплетирање и создавање целокупност која упатува кон подобро обликување, односно интерпретирање на овој ликовен производ. Текстуалниот израз што го воспримате го користиме како инструмент кој ни помага и овозможува а со сопствената конфигурација ја игра улогата на претставувачки репрезент кој манифестира упатувачки ситуации, состојби, структури, дејности, дејствија и ред други чинители и естетизирани вредности кои се присутни во перформансот, а функцијата на пишаната нарација е да ја приближат, дообјаснат, дооформат креацијата и да ја фокусираат и насочат публиката, партиципиентот кон дејствието интерпретирано како концептуална реторика која е употребена во обликувањето на самото дело. Четивото го користиме како ликовен медиум чијашто улога е концизно да ја претстави перформансната акција која е претходно интерпретирана од наша страна, а без оваа медиумска констатација и исказ перформансниот акт би останал недокументиран, неакцентиран, неконсолидиран и незаокружен, а наведените состојби би придонеле за покомплициран приод и недоволно компетентен увид, приказ, и маргинализирачка презентација на содржината, а тоа би предизвикало естетизирана конфузија при пренесување на уметничката форма и порака кон публиката. Текстот што го третираме како текстуално документиран ликовен перформанс го користиме со намера да дадеме конкретизиран увид на самата ликовна изведба, односно ни помага поконцизно и јасно наративно презентирање на наведеното ликовно дело.

Оваа естетска креација медиумски би ја окарактеризирале како ликовен перформанс кој е изведуван во периодот од 2010

до 2022 година. Во споменатиот временски период со перформансни акти и ликовно акцентирани телесни гестикулации индивидуата доаѓа до одрекување и делумно дистанцирање од неколку хуманоидни норми, морални принципи, ментални правила и воспоставени кодекси на однесување или делумно се дистанцира, оградува, оддалечува од генетската материја на човекот и делумно апстинира од егзистенцијалното и материјалното. Ваквите искреирани и комплетирани етички вредности од кои се оградува авторот се сегменти кои го формираат и конструираат менталниот склоп на човекот, ментални конструкции кои се наметнати и имплементирани кодекси од страна на друштвено-општествени реформистички или конзервативни групации (секоја општествена иницијатива има период на актуелност, зависно од тоа кога временски егзистирала во социјалниот систем). Наметнувањето и обликувањето на личноста по свој модел од страна на еминентни општествени формации се присутни со векови, во сите цивилизациски периоди, па како такви наметнувачите инфилтрирани функционираат во статусот на институционалните и друштвените заедници. На почетокот, приодот на наметнувачите без разлика во која област и каква формулација се појавувале бил декларативен со призвук на идеализирање на човечкиот модел кој сакале да го наметнат, со намера полесно да го спроведат. Со текот на времето декларативното со намера да го прагматизираат им успева во практика со тоа што моделираат конкретна структура на човечки модел чиј ортодоксни правила на однесување доживуваат периодична експанзија во општествениот систем која резултира со формирање копии кај хуманоидниот род. И како такви наметнатите системи функционираат додека нивната актуелност не ја демаскира и наследи друг за тој период на егзистирање алтернативен кодекс и систем на функционирање кој придонесува неговите авторитативни наметнати формулирани норми да ги имплементираат во индивидуата, а со тоа да ја етаблираат личноста како сопствена креација со причина да ја наведат во нивниот кодекс на

манипулативен контекст. Иако сме свесни за улогата на наметнувачите или приграбувачите на индивидуализмот, ние во ова ликовно дело нема да ја актуализираме оваа тематика. Суштината и содржината што ја експлоатираме во оваа естетизирана форма ќе ја споменеме нешто подоцна.

Делото опфаќа повеќе компоненти кои ја манифестираат информацијата на самоиницијативно апстинирање од вообичаени социјални функционирања и дејствувања од страна на индивидуата, воздржувања и одрекувања кои ќе се обидеме да ви ги образложиме во делот што следува. Перформирањето на ова дело започнува во 2010 а завршува 2022 година. Првиот сегмент на перформансната акција е да не се воспоставуваат емоционални партнерски врски и да не се формира заедница во форма на брак. Во прилог на отпочнување на реализацијата на однапред конципираната ликовна акција, одлучуваме да не придаваме важност на наведената општествено-формалистичка заедница окарактеризирана како фамилијарност, конзистентен став кој конституира естетизиран принцип дека во наведениот период со ниедна индивидуа да не се синтетизира во сериозна емотивна врска, а причински последично е да не се формира институционален брак. Овие конкретизирани ставови манипулативно ја наметнуваат перцепцијата жената да се доживува во конотација на нешто за исползување моментален емотивен нагон, а поривот да биде што повеќе редуциран од причина што таквата поставеност се движи во прилог на оправдување и манифестирање на концептот кој го третираме во овој текстуално документиран ликовен перформанс, делумно откажување од генетската материја на човекот. Во контекстот за доживување на жената како таква индивидуа воопшто немаме намера да создаваме индолентно деградирачки став, заради ред морални аспекти кои ги оформуваат етичките ментални принципи, и не забораваме дека жената е релевантен субјект, а ние во целост ги почитуваме и цениме нејзините емоционални атрибути, но причината за формираната перцепција е скепти-

цизмот дека во тој период комплетно и во целост нема да можеме да ја примениме идеологијата на целибатната форма. Концептот проследен со изведба на перформансот континуирано се надоградува со откажување од уште еден социолошки модел кој како таков акт се имплементира во естетската наратива, чијашто содржина се надоградува и се манифестира како оформената логика, ако не се создава емотивна и институционална заедница со друга личност, индивидуата да се дистанцира делумно од емотивни физички нагони, податоци преточени во перформансен акт причински и последично ќе рефлектираат содржина дека во определениот период нема да се остварува во улогата на родител, односно да не се репродуцира потомство. Така во естетската акција внесуваме додатна содржина и нагласуваме дека овој акт се изведува во периодичен статус и циклус кога индивидуата е во совршена фаза да се реализира како родител. Ваквиот став на одрекување може да резултира и кулминира со актот на асоцијалност, па така проследено може да се појави постепено оддалечување од генетскиот код на материјата дизајнирана како човек насочувајќи кон помала комуникација со луѓе што придонесува да дојде до степен на изолираност на индивидуата како објект. Актот љубезност со фразите благодарам, извинете или повелете употребувани во продавница, автобус или во секојдневието полека се изоставуваат. Настапува стадиум на дистанцирање од претходни остварени мали познанства, и отфрлање на мали, а подоцна и на повеќегодишни пријателства стекнати во животниот циклус. Заради концизност и транспарентност комуникацијата во тој долг период се сведува на заемен однос со родителите и потесното семејство и нивна финансиска, емотивна, етичка и психофизичка помош и поддршка, со цел да може да се продолжи со изведувањето на ликовниот проект како новоискреирана индивидуа која треба како таква да циркулира и да егзистира.

Наведените апстиненции врз самоиницијативната деградирана и маргинализирана индивидуа (се мисли на изведува-

чот) предизвикуваат најкомплексни и континуирани чувства надоградени со сплет динамични емоции кои е многу тешко да се ампутираат и прават зависност од телесната материјалност на другиот, барем извесен временски период кој е потребен за адаптација за новонастанатата ситуација. Концептот на делото продолжува и понатаму да ја надоградува суштината на овој ликовен експонат со акт на апстинирање и од егзистенцијалното материјално кое е окарактеризирано како наметнати општествено институционални вредности.

Со понатамошно експонирање на ликовното дело континуитетот на основниот концепт следствено апелира за редуцирање од егзистенцијалното материјално кое се манифестира во формулација на перформансна акција на откажување од станбен објект, од автомобил и друго по незначително сопственишиштво проценето како имотна вредност која е отстапена за одреден период додека го интерпретираме перформансот. Во тој период индивидуата за да ги редуцира материјалните добра се откажува од комфорните услови за живот и од стан солидно уреден со ентериер, а за да покаже инфериорност кон материјалноста, се преселува и престојува во изнајмен стан од 27 м^2 кој обезбедува основни минималистички услови за живот. Се одрекува и од лични, за некој можеби не, но сепак значајни емотивни елементи. Откако започнува изведувањето на ликовниот проект се откажува и од работа која носи профитабилен приход и материјални придобивки, односно која овозможува финансии кои придонесуваат за примарна егзистенција на личноста. Не се вклучува ни инволвира во институции, асоцијации ниту пак каква било профитабилна организација, а не ги користи ни своите индивидуални атрибути, професионални квалитети и способности во која било сфера или работодавна област од која би можел да остварува платежна материјална корист. Се оградува од релативно луксузен начин на функционирање, за да ја сознае состојбата на скромноста која ги партиципира само основните потреби на индивидуата. А за обезбеду-

вање на основните минимални потреби има финансиска помош од родителите.

Во контурите на „Деконструкција на материјата и материјалното“ имплементираме и надоврзуваме сегменти од делото „Воздржаност од уметност“ од причини што поседуваат заемна компатибилност со третирање на тематиката **ништо**.

Во овој ликовен перформанс акцент ставаме на апстиненцијата од сферата на естетиката од периодот од 2010 до 2022 година, форма каде што неизвршуваме, несоздаваме, некреираме, непрезентираме, не се едуцираме и некомерцијализираме во ниту еден сегмент од науката за убавото. Укажуваме дека ниту во класичен ниту во алтернативен објект, простор или амбиент немаме експонирано, изложувано, претставувано ликовна презентација... Континуитетот на делото прогресира со перформансна активност која илустрира дека во горенаведениот временски период немаме конципирано, реализирано, направено уметничко дело или културолошки производ... Се оградуваме и не сме биле инволвирани во каква било друга едукација со културолошки концепт (како студирање, посетување курсеви и друго)... Во претходно определениот временски период естетиката воопшто не ја валоризираме како комерцијална потреба. Одрекувањето од генетската материја на човекот, од егзистенцијалното материјално, и од уметничката активност предизвикува естетско експериментирање и истражување да ја инволвира, дебатира и актуализира тематиката **ништо** како стожерен концепт во ова дело.

(Воздржаност од уметност)

Наведената апстиненција од ред круцијални вредности составени од повеќе карактеристики што ги интерпретиравме претходно, пред почетокот на перформансната изведба определивме временски датум колку таа акција би егзистирала во димензијата временски параметар. Констатиравме дека колку подолг временски период би се изведувал перформансот, тоа

битно би влијаело врз креирањето на воспоставените принципи и вредности на делото и тоа од различни аспекти на воспримање. Оградувањето од социолошките вообичаени индивидуални дејствија од определениот временски период сметаме дека кај публиката креира мислење и став за сериозен автентичен пристап на авторот кон неговото истражување, еволуирање и продлабочување на самата содржина и суштина која се третира во делото, а додека пак индивидуата свесно поставува оптимална временска норма во рамки на негова самоиздржливост во намерата за делумно одрекување со намера да дојде до катарзичен резултат или до нов дегенеративен психолошки стадиум кој не е во можност да го предвиди пред интерпретацијата на перформансот. Одрекувањето од општествените вредности, како што е делумната интровертност резултира со игнорирање на генетската материја на човекот, па делумно и на индолентниот однос кон егзистенцијалната материјалност, маргинализирање на стандарзираните етички норми, неинволвираност и неделување во културолошката сфера, апстинирање од ментално естетските стадиуми на развој. Овие тенденциозни делумни одважувања и компромитирања интерпретирани преку медиумот ликовен перформанс ги изведуваме за да се приближиме кон естетизирањето на терминологијата ништо. Ако ги сублимираме круцијалните откажувања напомнуваме дека некои дејствувања на неинволвираност и одрекување во одредената тематска акција биле делумни, но во некои сфери каде што се употребува апстинирачко дејствување биле со екстремен акцент кој ни го трасира максималистичкиот пат на доживување на тогаш актуелната ситуација. Синтетизираните одрекувања од претходно наведените содржини дефинитивно го немаа целокупното влијание за да ни го приложат апсолутното ништо, но стремежот кон делумното ништо беше прејудицирана трасирана траекторија која го насочи изведувачот, кој е надограден со естетско методистички принципи на однесување кон актуализираните вредности. Нормата на естетско методистички принципи и практи-

ки доживеани преку перформирањето е процес кој влијае на реализирање на тенденцијата за доживување, конектирање и интегрирање на индивидуата кон суштината на делумното ништо. Главен концепциски двигател во овој естетски продукт е терминологијата **ништото** или **ништо**.

Сметаме дека космичката констелација има влијание и е присно конектирана со битисувањето и креирањето на човечката структурална физиологија, а со тоа и на неговите области и функционалности, па оваа наведена состојба и корелација ни овозможува интерпретираната суштина ништо да ја компарираме помеѓу две карактеристики како што се креаторот (космосот) и естетиката како културолошка човечка дејност.

Квантната наука, со конкретен факт со теоријата за вакуум, или со најновата теорија Quantum Fluktation доаѓа до фактички заклучок дека ништото во универзумот е само човечка фикција и не постои. Правењето компарација на ништото во универзумското пространство со ништото во културолошкиот свет доаѓаме до заклучок дека ништото во ликовната сфера е само привидна визуелна илузија која ги манипулира сетилата на партиципиентот, а таа манипулативна естетска имагинација не секогаш кореспондира со концептот кој го има авторитетот идентично како етерот и вакуумот во природата да оформуваат и да го анулираат ништото. Идејната суштина (концептот) во естетиката придонесува да го изолира ништото. ***(Воздржаности од уметности)***

Констатацијата дека ништото како наратива во уметноста не може во целост да се постигне во авторската креација, од причина што тоа би го изолирал концептот без кој не може да се обликува естетски производ, но се надеваме дека третирањето и тенденцијата кон оваа тематика ни го трасираат патот кон прагматичноста која со постепени стадиуми, и со тек на време благодарение на колегијалните ставови и критериуми актуализираната тематика **ништо** би ја достигнала нејзината

минимизирана форма во доменот на нејзините етаблирани максималистички граници.

Апстинирањето од поекстремен карактер од ред стандардизирани социолошки воспоставени вредности како што се одрекување од генетската материја на човекот, егзистенцијалистичката материјалност и спиритуалноста на естетиката, кое од страна на множество личности е присутно и забележано во историјата, пред сè од припадници кои воспоставиле корелација со најразлични религиско-духовни организации, идеолошки асоцијации, анархистички револуционерни конституции, разни облици на каузи со антиставови кон хедонизмот, движења и правци од различни општествени структури, наследени догми со едукациски карактер, медицински практики, па и самоиницијативни индивидуализирани ставови. Набројувањето на овие категории би одело во недоглед ако на анализирањето на оваа тематика би и пристапиле од овој психолошки став дека и намалување на консумирањето (јадењето) благи прехранбени производи заради здравствени причини е чин на одрекување, така што судот за мерката на апстиненцијата е од субјективен карактер. Од горенаведените категории одредени индивидуи апстиненцијата ја применувале парцијално и од различни побуди а и потреби, а други личности оделе до максималистичките норми движејќи се до работ на егзистенцијалното. Овие одрекувања се правени од најразлични ставови, догми и каузи, додека, пак, ние категоријата апстиненција ја применуваме континуирано, подолг временски период каде што критички ја анализираме за да ја естетизираме и делумно да се конектираме исклучително преку уметнички практики со суштината на ништото.

Би направиле една корелација со книжевната драма „Хамлет“ споредувајќи се во еден сегмент со главниот лик Хамлет. Нагласуваме дека ги отфрламе сите споредби со наведениот лик освен овој што ќе го образложиме. Хамлет за да се одмазди за погубувањето на својот татко, решава да се

откаже од емоционалната врска со партнерката не од причини дека нема емоции кон неа туку од практиката која го води кон одмаздата. Тој се откажува од ред пријателства и комуникации и односи со луѓето манипулативно интерпретирајќи одреден стадиум на лудило за да ја оствари добро познатата претходно зацртана намера. Како што спомнавме претходно и ние опфативме повеќе компоненти кои ја манифестираат информацијата на самоиницијативно апстинирање со делумно откажување од генетската материја на човекот кој вклучува одрекување од емотивни врски и актот асоцијалност со луѓе со причина да ја естетизираме тематиката ништо. Оваа компарација ја водиме кон насока дека како што Хамлет повеќето од ликовите од драмата го доживуваат како полуден е идентично како и индивидуата во нашево дело која при изведбата на уметничкиот акт се откажува од ред претходни атрибути и применува нови искреирани карактеристики со цел да го естетизира ништото, додека изведува урбанизиран перформанс публиката го доживува како инфантилна личност. Ќе направиме уште една компарација со најексплоатираната реченица на Хамлет „Да се биде или не“ а ние ќе го образложиме во корист на прогресот на делото, „да се биде“ „да се биде **нешто**“, „или не“ „или да се биде **ништо**“.

Го споделивме ставот дека концептот придонесува и го елиминира ништото како суштина присутна во ликовниот продукт. Постои тенденција дека тоа може да биде случај и во ова дело, од причина што доаѓаме во ситуација дека концептот е прилично габаритен заради податокот што третираме пет контексти и ред потконтексти на откажување од материјата и материјалното, па овие третирања со својот обем ја конструираат гломазноста на тематиката која со нејзиното присуство го деградира ништото. Но, со намера сме да се оградиме од оваа состојба од причина што во нашиот ликовен проект концепциската контура се потпира на постулатите на терминологијата ништо чијашто семантика пробуваме да ја практикуваме во

буквална смисла, а нејзината буквална примена во делото и практикување на сите нејзини атрибути кои ги експлоатираме и ги акцентираме преку перформансна изведба, придонесува да го анулира обемот на концептот. Анулирањето првенствено се рефлектираше врз интензитетот на содржината на тематиката (концептот) која како таква форма со принципите на градација се одрази врз ликовните компоненти кои заради дирigираниот став почнаа да го максимизираат ништото во нивните контури. Ако во концептот се внесе и практикува есенцијата на поимот ништо сметаме дека избраниот термин суштински ја минимизира фабулата на тематиката во нејзиниот облик и обем, а тоа беше и нашата цел. При интерпретацијата на наведениот перформанс дојдовме до стадиум дека ликовната акција, актот на однесување, физичкиот маневар, гестикулираните сугестии, искусените секвенции, множеството ситуации, состојби, специфични артикулации и активирани манеристички акции се преобразуваат во ментални структурирани дејствија кои се надополнуваат со физичка активност, а таа физичка активност ја третираме како перформанс. Дејствијата што ги напомнавме ги карактеризира редуцирано присуство а редуцираниот статус го намалува интензитетот на ликовно перформансните елементи, критериуми, практики и принципи, а минимизирањето на перформансните атрибути придонесува за зголемување на габаритот на ништото и во структурата на ликовно концепциското и во ликовно медиумското. Доаѓаме до сознание дека актуализирањето на апстинирањето во делото формира ситуација да се минимизира развојот на дејствието на самиот концепт, а тоа придонесува да е присутна и перформансната акција, но е маргинализирана и интерпретира помалку акти. Театралноста што ја презентиравме беше со намален интензитет од причина што применетите откажувања од страна на индивидуата ретко ни даваа можност да се изразиме пред публика, а тоа придонесуваше често да интерпретираме перформанс заради перформанс или перформиравме заради себе самите. Чинот на одрекување ни диригираше да ја ограни-

чиме функционалноста на физикусот кој како таков став влијаеше да ги редуцира актите на манифестирање на перформансот што придонесе за последователно осиромашување или обид од наша страна да се дојде до работ на дематеријализацијата и делумна ампутација на ликовните перформансни елементи, критериуми, практики и принципи. Не дека на пред малку споменатите ликовни атрибути не им даваме значење туку се активираме со последична причина заради естетски автономни авторски критериуми и ставови ликовната интерпретација и карактеристиките на перформансот да ги маргинализираме, делумно елиминираме, да ги сведеме колку што е можно повеќе на минимум со цел и тенденција не само концептуски туку и преку намалување на интензитетот на ликовните елементи да се доближиме до ништото. Бевме со намера воспоставената синтеза да придонесе ова естетско дело да го поистоветиме со терминологијата делумно ништо. Акцентот на перформансот го артикулиравме во **текстуално документиран ликовен перформанс** за да не доживее дисфункционалност како ликовен продукт.

Сепак формата експеримент имаше свој еволутивен пат за по зададениот период на изведбата, индивидуата се врати и адаптира на земските вредности и карактеристики, надоградувајќи ја стагнацијата, актуализирајќи ги и практикувајќи ги генетската материја на човекот, егзистенцијалистичката материјалност и спиритуалноста на естетиката консумирајќи ги како потреба во квантитативни норми.

КОНКРЕТИЗИРАН ПЕРФОРМАНС

Перформансот е изведуван од 22 јануари 2023 година до 22 јануари 2025 година. Како творец на ликовниот проект имаме потреба да ја акцентираме пред малку наведената информација за временскиот параметар (во чијшто распон фигурира почетокот и крајот на перформансот) кој креира акумулирана временска дистанца како референтна карактеристика и вредност во самото приложено дело. Овој податокот кој е двигател на ликовниот проект ќе фигурира и ќе го оформува, интерпретира, карактеризира и актуализира ликовното дело. Ова го правиме со намера што сакаме да искреираме фиктивен перформанс во кој делумно и со крајно минимизирани примеси ќе бидат присутни односно, неприсутни естетските перформансни методи, критериуми, класификации, елементи, карактеристики, контексти и концепт. Маргинализацијата на наведените перформансни вредности е авторски порив и избор нивното присуство да е сведено на минимум во конституцијата на овој ликовен производ, и како таков искреиран исказ да реферира и суштествува како ликовно дело. Ваквите ставови на изоставањето на перформансните вредности ни се двигателна содржина и ни го трасираат курсот на движење при интерпретацијата на наведениот перформанс (а во суштина нема да изведуваме перформанс) да постигнеме стадиум дека ликовната акција, актот на однесување, физичкиот маневар, гестикулациските сугестии или какви било атрибутски предлози кои би асоцирале на тематската содржина, наративната конституција или концептот, нагласуваме и на концептот во целост нема да бидат присутни во овој естетски производ. Не дека на пред малку споменатите ликовни атрибути не им даваме значење туку се активираме со последична причина заради естетски автономни авторски критериуми и ставови ликовната интер-

претација и карактеристиките на концептот имплементирани во перформансот да ги маргинализираме, елиминираме и да ги сведеме колку што е можно повеќе на минимум со цел и тенденција ликовното дело да го поистоветиме со ништо или терминологијата ништото, а сме со намера тоа да го оствариме со помош на артикулираните наши естетски критериуми и сознанија. Не насочуваме каква однапред подготвена или режирана ликовна акција или спонтана ликовна конфигурација, која го искажува моменталниот авторски естетски импулс без претходен или со претходно замислен концепт би изведувале и реализирале пред публиката. Ова не го правиме од причина дека немаме за потреба да ја кажеме туку од порив дека на акцијата која го обликува концептот не и даваме значење, а со тоа и како таква мобилизирана суштина, интерпретацијата поткрепена со содржина во овој перформанс се трудиме да ја елиминираме и да не фигурира или пак пробуваме што повеќе да ја изоставиме и делумно или во помала мера да биде присутна во авторскиот исказ, со цел да го примениме ништото од што е можно повеќе негови агли на профилирање.

Во периодот од две години додека го изведувавме овој перформанс (а во суштина не интерпретиравме ништо) се однесувавме како индивидуа којашто си ги извршува секојдневните обврски, навики и дејности и ја акумулира моменталната состојба и атмосфера, па таа индивидуализирана поставеност придонесе да не калкулираме со вообичаените активности. Инстиктивно со медијаторство на свесното и потсвесното се организиравме да го обликуваме моментот, денот, месецот, двете години, односно да се функционира како обичен човек, а не како уметник, нагласувам не како уметник. Сите стекнати секвенции кои беа акумулирани во авторската свест преку доживувањето на множеството ситуации, состојби, автентични потреби, специфични артикулации и активирани маниристички гестикулирани акции се преобразуваа во ментални структурирани дејствија кои се надополнуваа со физичка активност

која првично може да асоцира на ликовна интерпретација изреализирана во текот на двегодишниот период, но таквите телесни активности ги третираме како вообичаен живот и ги оградуваме дека се ликовна акција или ликовен перформанс. Ритуалот на пиење кафе во кафетерија, купувањето во продавница, прошетки низ улиците, дружењето со луѓе, домашните активности, гледањето телевизија, одморање и целокупните секојдневни активности чијштој број е голем и специфичен целосно и по хронолошки редослед да се наброи, од причина што се работи за двегодишен период преточен во множество случувања, а споменатите и имплементирани дејствија не ги карактеризираме или не ги акцентираме како ликовен продукт. **Со сопствената концепција перформансот е насочен на отфрлање на границата помеѓу уметноста и животот, од причина што една случка, со нејзино нагласување станува уметничко дело *(Д. Чаловиќ).*** Водени од оваа констатација, и со намера да не паднеме во оваа естетско дефинирана формулација, се оградуваме и не издвојуваме никаква случка или дејствие со потреба да ја нагласиме или означиме како ликовно перформансен акт, со цел да ја експлоатираме тематиката ништо во уметничката практика.

Uvod-u-teoriju-moderne-i-postmoderne-likovne-umetnosti.-Dragan-Calovic.pdf

Тоа е доблеста на естетската филозофска етимологија која ја формира ликовната слобода чии неограничени формулации, принципи и методи му овозможуваат на авторот да парафразира и манипулира со нив сѐ до таму до каде што допира неговата интелектуална имагинација, па дури и во таа имагинативна визуализација на прв поглед да не се содржани естетски вредности, со тек на еволутивен процес авторот таа константа барем за себе со сигурност, ако е доволно естетски компетентен и за партиципиентите, може да ја промени со наметнување на неговите искреирани критериуми *(Воздржаност од умешности).*

Всушност доаѓаме во ситуација дека со свесноста на авторот, кој ја поседува контролата надоградена со авторитет, која може да резултира дека која било негова случка може да ја прогласи и дефинира како двигателен ликовен перформанс чиишто примеси и постулати придонесуваат како таква дефиниција да се конституира и преформулира како уметничко дело. Горенаведената теоретска констатација од страна на Драган Чаловиќ, надополнета со коментар од делото „Воздржаност од уметност“, не предупреди да бидеме претпазливи, дека од сите дејствија што ги правевме во тој двегодишен период се оградуваме и не ги третираме или не ги акцентираме како ликовна акција или перформанс.

Ќе се обидеме во сферата на теоретизираното истражување да конкретизираме и компарираме кои критериуми и класификации се присутни, експлоатирани или маргинализирани или се целосно изоставени од овој наведен **текстуално документиран ликовен перформанс**. Како оформувачи на конструкцијата на ова дело се поставивме колку е можно повеќе да ги елиминираме естетските вредности како што се сегментираните содржини на критериумите и класификациите на ликовниот перформанс од причина што овие културолошки појави ја обликуваат перформансната фабула (концептот), која со присуството ја анулира суштината на ништото. Изградената тенденција да ги отстраниме колку е можно повеќе споменатите, а и другите константни естетизирани оформувачи на ликовниот перформанс, го правевме со намера да се приближиме до тематското ништо во ликовната изведувачка уметност. А колку сме постигнале во намерата, како поткрепа би ја користеле и би се движеле по хронолошкиот редослед на теоретската литература која ги обработува критериумите и класификациите на перформансот во книгата „Појмовник сувремене уметности“ од Мишко Шуваковиќ.

Критериуми за класификација на перформанси се:

(1) Критериум по место на изведба: приватен перформанс (без публика, без случајна публика или без мал број соработници); галериски и музејски перформанс; перформанс во природа и во урбан простор. Во овој ликовен проект исклучително ја акцентираме и ја наведуваме информацијата за временскиот параметар (во чиј распон фигурира почетокот и крајот на перформансот) па овој податок е двигател и ќе фигурира и ќе го оформува ликовното дело, а во нагласениот временски период има множество физички дејствија, ситуации и случки кои не ги карактеризираме или акцентираме како ликовен продукт, туку се третирани како обичен хуманоиден настан. Чинот на неакцентирање на наведените состојби придонесува дека не сме перформирале пред присуство на публика, немаме инволвирано случајна публика во структурата на делото, ниту сме ангажирале компетентни соработници кои со нивното фигуративно присуство би придонеле за изведбата на ликовното делото, и се оградуваме дека сме перформирале без публика, односно нашите индивидуализирани дејствија не ги ставаме на ликовен пиедестал односно не правиме перформанс заради перформанс, или перформанс заради себе самиот. Оваа фактичка состојба се рефлектира и на констатацијата штом нема ликовна акција и концептот е сведен на минорна информација таквата поставеност и конструираност на состојбата придонесуваат дека не сме интерпретирале ниту манифестирале акт ниту во класичен галериско или музејски простор ниту во амбиентален објект со неконвенционални или експериментални примеси на просторност. Ова дело не поседува потреба од локализиран простор за негово експонирање, тоа насочува дека нема потреба од претставување од алтернативно место или локалитет на изведба како што е природа или урбан простор.

(2) **Критериум на автор изведувач: Авторот на перформансот е и изведувач на перформансот; авторот на перформансот не е изведувач на перформансот, а изведувачи можат да бидат професионални актери и танчари, уметници и публика.** Делото „Конкретизиран перформанс“ поседува конституција која резултира со состојбата дека ликовниот продукт за да егзистира како естетски производ нема потреба од индивидуа или колектив за да ги интерпретира сугерираните акти кои ќе оформат фабула која ќе се рефлектирала како ликовен перформанс. Од тие воспоставени постулати нашата индивидуализирана фигура се оградува и не е изведувач на перформансот, ниту пак делото имало за потреба за ангажирање презентирачки индивидуи како глумци, танчари, колеги или со причинска последица да се инволвира публиката манипулирајќи ја или правејќи ја активен партиципиент кој ќе влијае и придонесе за реализацијата на самото дело. Ова дело нема потреба од изведувач или изведувачи.

(3) **Критериум на настанот: Перформансот е изведен како вистински дословен настан (однесување на уметникот, физичката акција, телесните и просторно-временските односи) или како режиран настан (прикажува вистински настан, создава наративна ситуација, резимира време на стварен настан).**

Во претставеното дело од причина што концептот е минорен и крајно индиферентен (наведен е само временскиот параметар) а сè друго се однесува на деструкција и деконструкција на перформансот како изразно средство, а деструктивниот приод на авторот го сметаме за порив за ликовно експериментирање, став кој дефинира дека поривот не го класифицираме или поистоветуваме како акт на режија. Таквиот став конструира формулација и придодава поткрепена констатација дека нема претходно режирана фабула во делото, присутна е само маргинализирана содржина која нема потреба да се претстави и да артикулира со одредена наративна ситуација

како чин на изведба или да се презентира преку медиумот перформанс кој би претставувал резимирање на времето преку вистински настан или моментална состојба. Затоа за првата класификација како стварен буквален настан мислиме дека нашиот ликовен продукт се оградува и од овој критериум од причина што нема дејство во формат на однесување на уметникот, ниту е присутна телесна акција, со насока дека од сите дејствија што ги правевме во тој двегодишен период се оградуваме и не ги третираме ниту пак ги акцентираме конструирајќи ги како ликовна акција или перформанс. Овие два сегментирани критериума преминуваат во константи кои се изолирани и не се присутни во наведеното дело.

(4) **Критериум медиум: Перформансот директно е изведен пред публика, без медиумско посредување; перформансот се изведува без публика а публиката го гледа настанот на директен ТВ-видеопренос, а видео или филмски екран со емитуваниот материјал е дел од перформансот (видео и филмски перформанс).**

Нашето дело не го интерпретираме пред класична стандардизирана публика ниту пак користиме технички помагала за да го прикажале како видео или филмски перформанс, делото не е изолирано од медиумската поддршка, а ќе образложиле во која и каква форма е прикажано. Медиумот преку кој го експонираме и конкретизираме перформансот е **пишаниот збор,** поточно самиот текст. Текстот го класифицираме и формулираме како **текстуално документиран ликовен перформанс**. Така изборот беше текстот да го одбереме како медиум за да го пренесеме нашиот минимизиран концепт, а класичната ликовна публика која апсорбира преку визуализацијата да ја пренасочиме како консумент и партиципиент од читателската фела. За делумно што повеќе да се приближиме кон терминологијата ништо во естетиката би требало да го изоставиме и текстуалниот медиум како референтна вредност, но нашата имагинација не најде соодветна креативна солуција

како на поминималистички начин да го ревидира и презентира контекстот на ова дело освен како текстуално документиран ликовен перформанс.

(5) **Критериуми и видови активности: физички перформанс заснован на движење и работа со човечко тело; орален или звучен перформанс поставен на настан остварен со глас и звук; говорен перформанс заснован на говорење текст; игран перформанс заснован на елементи од игра и балет. Историски перформанс е историја на преобразување на уметничкиот предмет во настан (животна ситуација, реален настан, историски настан), а замислата на настанот како уметничко дело е остварена од неколку различни, но меѓусебно поврзани правци.**

Голем дел од перформансните елементи, критериуми, класификации и другите атрибути (од точка 5) се елиминирани. Кога во таа конотација сме ги поставиле структурите и состојбите на ликовниот продукт тоа резултира со фактичка состојба која придонесува да се отфрлат од делото карактеристиките кои концептот асоцијативно го изразуваат преку телесна гестикулирана интерпретација. Изоставено е раскажување на приказната на делото преку авторска индивидуализирана нарација со употреба на глас или артикулиран звук, отстранети се елементите на кои нарацијата сугестивно ја афирмираат преку актот на танц, игра или балет, нема презентирање на автентична животна случка, се елиминира призвук на реален настан, со што констатираме дека овие перформансни вредности не се присутни и ги изоставаме од нашиот перформанс. Перформансот со говорење текст може да доведе до забуна дека текстот од ова дело ја поседува таа карактеристика. Од оваа формулација се оградуваме од причина што не го читаме текстот пред публика свесни дека тој акт ќе направи перформанс, но ние текстот го нудиме како формат на пост-интерпретациска конституција, и го креираме како пост-наратор кој го соопштува нашиот порив. За жал се пронаоѓаме и сметаме

дека го користиме перформансниот критериум во формулацијата на одредена двигателна историска ситуација од причина што како автор наведуваме временска дистанца на почнувањето и на завршувањето на перформансот и како пост-наратива тоа го соопштуваме преку текст, состојба која придонесува да се резимира историска ситуација од двогодишен период. Со задоволство би се дистанцирале од оваа ситуација, но не најдовме соодветна креативност да го сториме ампутирањето на овој критериум. И ќе се надополниме дека не комбинираме или не предизвикуваме симбиоза со примеси на заемен однос помеѓу другите наведени видови на активности.

Врз пред малку наведените податоци, мислиме на критериумите и класификациите на перформансот, се обидовме со анализирачки приод врз нив да направиме компаративна аналитика, сакајќи да предизвикаме формална разлика за да се добие појасна слика кои сè атрибути се аплицирани или пак дистанцирани од нашиот ликовен перформанс. Се обидовме колку што можеме да интерпретираме конструктивен приод кон самата анализа која резултираше со констатацијата дека освен два перформансни критериума и карактеристики другите со нивните потточки се маргинализирани или пак во целост дистанцирани од содржината на ликовниот продукт кој го презентираме. Ваквиот пристап кон изработката на конструкцијата и формата на делото резултираше со девалвирање и последователно осиромашување или обид од наша страна да се дојде до работ на дематеријализација, ампутација на ликовни компоненти, елементи, методи и принципи. Дисфункционалноста на ликовниот продукт како акт на однесување би предизвикала неакцентирање на конкретизираната ситуација што би придонела прогласување ликовен перформанс, потреба што е применета и би придонела намалување до крајни граници на концептот, а неутрализирањето на концептот се должи како резултат на деструктивните естетски ставови на творецот, додека творечката поставеност не остава во игра да конструира-

ме ликовно дело со крајно минималистички естетизиран маниризам. Деструкцијата и деконструкцијата на перформансот во ова дело е евидентна, но авторот имаше голема потреба да остане присутен во естетската перформансна атмосфера од поривот да се искреира дело. За да се постигне таа состојба придонесува постулатот со фактичката состојба дека ние од улогата на автор апострофирајќи акцентиравме дека од 22 јануари 2023 година до 22 јануари 2025 година изведувавме ликовен перформанс, но на естетскиот подиум само тој податок ја игра драмата, а другите атрибути како сценографија, актери, статисти, сценарио, музика, светлосни ефекти, реквизиција, драматургија и ред други елементи од сцената се отфрлени со цел да ја интегрираме тематиката ништо во естетската структура.

Цитатите кои ќе ги експлоатираме во наредниот дел од текстот се наши ставови што ги изложивме и претставивме во делото „Воздржаност од уметност“ наш прв ликовен проект кој ја третира тематиката, суштината и адаптацијата на физикусот на авторот со цел да ја интерпретира терминологијата ништо. Напомнатите ставови кои ја третираат актуелната тематика во улогата на референтни карактеристики се образложуваат како наши гледишта за делата „Воздржаност од уметност“ и „Конкретизиран перформанс“ (како наше трето дело кое ја актуализира тематиката ништо) доаѓаме до стадиум дека двете дела споделуваат, конкретизираат и обработуваат идентична тематика, кои како такви искреирани формулации заемно коегзистираат и претставуваат еден авторски опус. Културолошкото стојалиште што го имавме заземено за делото „Воздржаност од уметност“ во голема мера се имплементира и за делото „Конкретизиран перформанс“, но од причина дека третираме два одделни ликовни проекта постојат одредени разлики кои би ги карактеризирале како конструктивни надградби кои бележат тенденција на развоен пат за сфаќање на тематиката ништо. Сакаме да укажеме и да ве насочиме кон тие надградби.

Доаѓаме до заклучок дека ништото во ликовната сфера е само моментална привидна визуелна илузија која ги манипулира сетилата на партиципиентот, а таа манипулативна естетска имагинација (мислиме на ништото) не кореспондира и не е во состојба да воспостави целосна констелација со концептот кој го има авторитетот идентично како етерот и вакуумот во природата да оформуваат и да претставуваат конкретизирано нешто. Нашава констатација во целост го апострофира концептот како двигателен обликувач на едно современо ликовно дело. **Идејната суштина во естетиката придонесува да го изолира ништото, а без идеја односно концепт имаме актуализирани авторски ставови дека не е возможно да се искреира естетски продукт *(Воздржаност од умеѓност).*** На овој цитат посебно би се осврнале и би направиле корелација на концептот како најавторитативен елемент кој конструира ликовно дело, па како таква вредност концептот е тој што ја анулира и деструктуира суштината на актуелната тематика. Во нашето дело „Конкретизиран перформанс“ сакаме да го ставиме на пиедестал, да го стимулираме, да го апсолутизираме и колку е можно во поприсутна мера да егзистира ништото, а да стигнеме до таа естетизирана посакувана цел идејната содржина или концептот се обидовме да ја минимизираме до степен на нашите сензитивни, имагинативни и креативни сознанија и можности. Од аспект на гледање е прилично сложен процес да се анулира концептот во ликовниот експонат, но ако се побараат алтернативни перспективи на визуализирање и теоретизирање на естетската проблематика која е преточена во формулацијата за негово отстранување до најминималистички норми, алтернативните методи придонесуваат отстранувањето на концептот од ликовниот перформанс да претставува едноставен процес. Но, сепак се појавува дилема дали третманот на ништото во едно дело може да прерасне во концепт. Нашиот став е секако **да** и од него не можеме да се оградиме, од причина што тоа е случај и се појавуваше како проблематика во претходните наши две дела „Воздржаност од

уметност“ и „Деконструкција на материјата и материјалното“. Но, за да ја демаскираме и оваа дилема ќе се потрудиме да дадеме неколку субјективни образложенија. Од големо значење претставува како ќе се постави авторот во контекст на наведената проблематика. Би наброиле неколку сликовити примери каде што би илустрирале ликовна акција каде што е применета вокацијата на ништото кое заради неговата употреба останува на сила само реторички и како симбол, а всушност неговата суштина се претопува, се дефинира и се профилира во принципите на концептот. Пример за ликовен перформанс со фактички ситуации од типот на: не носев гардероба, односно немав ништо на себе, и актот на перформансот го реализирав гол со намера голотијата на телото да ја поистоветам со ништото. Или: се оградив од материјалните добра како финансии, и егзистенцијалистички примеси извесен временски период (додека се изведуваше перформансот), а изолацијата од материјалното или немање ништо материјално не инволвираше во ништото. Во вакви формати на дејствување и конструирање на перформансот, ништото на сцената е присутно само во формата на реториката која навестува асоцијативна сликовност, а сепак презентира фабула надоградена со физичка ликовна акција која обликува содржина, а со тоа се движи да стане двигателен концепт. Значи само реторички и асоцијативно го користиме ништото а актите на изведба на одредена ситуација градат содржина која формира концепт. Но, во вокабуларот на ништото ако се навлезе есенцијално и во сржта на наведениот термин се практикува во буквална смисла, а не парцијално и алегориски асоцијативно придонесува одрекување од критериумите и класификациите на перформансот (а тоа се трудиме да го постигнеме во ова предочено дело) кое не ги ангажира елементите, компонентите, методите и принципите на избраниот медиум. Ангажираноста на авторот да се фокусира колку е можно повеќе да ја деактивира приказната, а со тој чин се дематеријализира физичката гестикулација, да ја минимизира иницијативата на фабулата која ќе биде растоварена од инфор-

мацијата, да придонесе на дисфункционалност на алегориската наратива и да ја намали концентрацијата на содржинските вредности, во самиот перформанс тоа придонесува делумното апстинирање на овие карактеристики да го трасираат патот на делумна, нагласуваме **делумна,** неинволвираност на концептот и негова неангажираност во ликовното дело, а тоа се трудиме да го постигнеме и во конкретниот случај. **Уметничкиот производ во денешницата ги поместува критериумите и ставовите во поглед на концептот со тоа што може да го маргинализира, но не е во состојба во целост да го изостави *(Воздржаност од уметност).*** Се активираме да го надоградиме овој наш претходен став, па како репрезенти на делото „Конкретизиран перформанс“ во Сизифовски маниризам се обидуваме концептот да го ампутираме до неговата срж.

Слободата на изразување е одамна надминат стадиум во уметноста, така што сега како автор се трудиме колку можеме повеќе да го минимизираме концептот, а со тоа да влијаеме на промена на квантитетот на фабулата и во физиономијата на суштината да се изведе во „свумато“ техника, а таа замагленост првично да ја маскира содржината нудејќи културолошка мистичност која ќе бара капацитет и информираност од страна на партиципиентот за нејзино демаскирање *(Воздржаност од уметност).* А за демаскирање на концептот и физиономијата на делото „Конкретизиран перформанс“ да се издвои од тензичноста на маглата нудиме сиромашна, но за наши стандарди доволна информација дека од 2023 година до 2025 година изведовме културолошки производ во тековниот медиум.

РЕЗИМЕ НА НИШТОТО

Третираната содржина во естетската градба на концептот ништото што ја применивме во трите ликовни дела „Воздржаност од уметноста“, „Деконструкција на материјата и материјалното“ и „Конкретизиран перформанс“, би ја споредиле со астрономската содржина која нејзините постулати ги основа на космичката конституција која истражувана од страна на научната фела ни дава нова можна теоретска ситуација што не доближува кон вистинската перцепција за формата на нашето егзистирање. Таа можна теорија што ќе ја претставиме во цитатот од текстот „Вселената како холограм“ во даденият момент е во форма на претпоставка или фикција, а самото време или ќе ја потврди како фактичка состојба или пак спротивното, ќе опстанува само како имагинативна хипотетична теза.

На прашањето како информацијата на даден настан се создава, пренесува и дали може да се изгуби ќе одговориме со примерот на еден од можеби „најзагадочните“ објекти во вселената црните јами. Имајќи во предвид дека постои уверување дека материјата што навлегува во црна јама се деградира и „исчезнува“ се поставува прашање што станува со информациите за материјата што навлегува во црната јама, или поточно, дали и информациите за материјата се уништуваат притоа. Минус прв закон (МПЗ), според кој битовите на информациите се неуништливи! Ова значи дека тие може да се направат, трансферираат, но информациите никогаш не можат да се уништат или исчезнат. Ова се однесува и за црните јами.

Ако е така, сега се поставува прашањето: што станува со материјата и нејзините информации, имајќи во предвид

дека таа може постојано да се намалува? Ако КС е поврзан со набљудувач на безбедно растојание од хоризонт на настани, тогаш штом телото ќе се најде во непосредна близина на хоризонт на настани на самата црна јама се „термализира“ и исчезнува, а информациите за него се враќаат во вселената преку зрачење.

Овој факт е искористен и кај холографскиот принцип, според кој површината на хоризонтот на настани на црните јами може да се интерпретира како холограмски филм кој содржи компримирани информации за се што содржи или паднало во црната јама. Според тоа, самата црна јама е холограм од компримирани информации. **Вселената како холограм. Наце Стојанов*

https://astronomy.pmf.ukim.mk/wp-content/uploads/2024/03/Astronomski_almanah_2024.pdf

Едно решение, предложено од Susskind и холандскиот физичар Gerard Hooft во средина на 90-тите, беше дека кога некој предмет ќе биде вовлечен во црна дупка, тој зад себе остава некаков двадимензионален отпечаток кодиран на хоризонтот на настани. Подоцна кога зрачењето ја напушта црната дупка, го зема или носи отпечатокот од овие податоци. На овој начин, информациите навистина не се уништуваат. И нивните пресметки покажаа дека само на двадимензионалната површина на црната дупка, може да складирате доволно информации за целосно да ги опишете сите навидум 3 димензионални објекти што се наоѓаат во внатрешноста на црната дупка. „Аналогијата за која и двајцата независно размислувавме беше онаа на холограмот – дводимензионално парче филм што може да ги шифрира сите информации во тродимензионален регион на вселената“, вели Susskind.

*https://www.vox.com/2015/6/29/8847863/holographic-principle-universe-theory-physics

Наведените цитати нè насочуваат кон можноста дека вселената во која егзистираме е холограм, а со самото тоа и планетата земја и секое нејзино битие, дури и ние како индивидуи сме холограмска симулација, а холограмската презентација ја третираме исклучително како визуелен виртуелен сликовен ефект, а таа состојба на нашиот универзум ни дава конотација и можност да ја идентификуваме и поистоветиме со форматот на ништото експлоатирано во културолошката поточно ликовната сфера и ќе образложиме зошто.

Фактичката состојба дека елементарните честички кои оформуваат сенешто, а воедно и го креираат човечкото тело, се претпоставува дека кога ќе навлезат по инерција во црна дупка материјата се деградира, исчезнува, односно разградува, но информациите за материјата остануваат, нагласуваме – информациите. Тие информации продолжуваат да егзистираат во црните дупки во нивната внатрешна космичка структура, и црната јама придонесува да се рефлектираат и прожектираат како слика на илузионистички холограм. Информацијата за објектот кој се нашол во внатрешноста на црната дупка не исчезнува од нашиот универзум, туку се чува и емитува во форма на информативен запис на површината на црната дупка, односно на нејзиниот хоризонт на случувања. Според овие научни претпоставки, нашата реална содржина или вистинското постоење се има еднаш изреализирано во сосема различен димензијален и временски параметар и сега идентичната наша содржина која веќе од претходно е изведена, со помош на проекцијата интерпретирана од страна на црните дупки реконструирано се емитува и повторно изведува во космичката шир поточно на хоризонтот на настани, кој по наши сфаќања го третираме како платнен експонат врз кој нашите индивидуи со помош на рефлективно генерирање на честичките ги интерпретираме сопствените улоги со повторлив манир, повторлив манир кој не потврдува како сликовни копии**. Оваа визионерска претпоставка е површно излагање**

и во неколку реченици е комплицирано да се прикаже, но таа претпоставка е конструирана од едукативно акумулирани научни статии кои ја обработуваат темата „Вселената како холограм“. Сепак ова размислување за „Вселената како холограм“ за сега се базира на научна претпоставка и овие хипотетички тези во никој случај не фигурираат како научна фактичка ситуација, а можно е со тек на време да прерасне во потврдена теорија. ****Воздржаност од уметност.*

Сега би го обработиле од ликовен агол и би направиле аналитички осврт на сфаќањето на нашата перцепција на воспримање на визуализацијата на целокупната илузионистичка материјалност што не опкружува, третирајќи ги објектите како подвижна слика односно *холограмски ликовен експонат*. Според нашите сфаќања холограмската симулација претставува ретроспективна слика која не поседува оригиналност и идентитет поради репродукцискиот и реконструираниот карактер што придонесува и недостаток на суштина и аура на оформување на индивидуалните карактеристики, лични оригинални особини, право на избор за одлучување и креирање нови одлуки визави претходните (кои ги креирал оригиналот) и сите придружни компоненти кои ја оформуваат внатрешната спиритуална содржина кои се формираат со тек на вистинска еволуција, а посебно нагласуваме и на немањето материја. Дефицитот на овие компоненти кои ги набројавме, посебно немањето материја (која во случајот на холограмското опстанување е заменета со информација), кулминира насочувајќи не дека холограмската презентација, тоа сме ние самите, ја идентификуваме и етикетираме како совршена сликовна копија, а копијата ни го трасира патот да ја третираме со поимот ништото во рамките на ликовната сфера.

Во нашето оригинално битисување, пред нашата материјалност да навлезе во црната дупка, човековите сетила се сепарациски оформени кај секоја индивидуа различно според личните етички кодекси и потреби. Тие ни овозможуваат мани-

пулативно воспримање на физичката материја и егзистенцијално-материјалното во форма на краткотрајна перцепција со карактер на илузија (додека трае нашето опстанување во форма на оригинал) оставајќи не за некој/некои во искушение, а за други во индивидуална селекција колку личноста со своите сетила и етички критериуми и потреби би консумирала од споменатите вредности. Мисловната констатација дека поседуваме нешто, а поседувањето нешто во холограмската формулација е антагонистичка категорија со минлив карактер и е манипулативна физичка илузија која заради повторливиот карактер интерпретира исклучителна информација, а информацијата без атрибутите на материјата како податок ни формира констатација дека поседуваме ништо. Личното искуство на консументот (човекот) кое се формира кога индивидуата била во форма на оригинал, односно реалност, при воспримање на двете наведени компоненти на физичката материја и егзистенцијално-материјалното оставаат печат како искуствен метафизички ментален процес во свеста и физиологијата на консументот, кодирана информација која ја поседуваме вечно. Со интервенција на црните дупки разградената честичка од индивидуата (консументот) искуството на материјата и материјалното од реалниот свет нема да ги транспортира со себе, но сепак ќе ги рефлектира како акумулиран готов производ во космичкото пространство во функција на сликовност како енергетска импулсна нематеријална информација, а таа форма според наши субјективни убедувања поседува ликовно естетски вредности од причина што се експлоатира футуристичка совршена сликовност како податок, формиран од претходното (реалното) лично искуство на индивидуата.

Немањето на атрибутите што ги набројавме претходно од страна на холограмот не насочуваат холограмскиот свет или нас самите да се дефинираме како нематеријална информација, односно нашата материјалност или физиологија деструктивно е уништена во внатрешноста на црната дупка (материјално-

ста од која пробавме делумно да се дистанцираме при перформирањето на трите ликовни дела), во хоризонтот на настаните останува само нашата сликовна информација, а маргинализираната информација ни го трасира патот кон максималистичкото ***ништо***.

Уште од праисторијата со создавањето и дефинирањето на уметничката форма, објект или сликовност од круцијално значење е воспримањето и визуализирањето на сликовниот производ како културолошка информација апсорбирана од страна на естетскиот посматрач. Во денешницата посматрачот е преокупиран и претрупан со симулацискатa слика (придружена со сите нејзини нови технолошки параметри и естетски медиуми) па визуелниот објект интерпретиран како симулациска сликовна презентација е насекаде присутен и тоа не само како акцентиран ликовен комерцијален или експериментален продукт од уметникот, туку и како нагласен уметнички производ и од самиот универзум кој е во функција на естетски креатор на холограмска сликовна содржина (а тоа сме и самите ние и се околу нас). Постои авторска уметност изведена од индивидуа (човек –уметник) која само како минорен повторлив сегмент е вметната во рамките на универзалната космичка уметност која презентира совршено ликовно дело со максимална временска и просторна конституција, надоградена со историска естетска кулминација која е презентирана како холограм кој го осуетува оригиналот а, пак, холограмската информација на пиедестал го става третманот на ништото. Оваа констатација е оформена ако се водиме по хипотетичките сознанија на тематиката вселената како холограм.

Во текстот што следува ќе ја третираме и ќе пробаме да ја образложиме со субјективни сфаќања улогата на холограмската суштина во моменталниот културолошки свет. Имавме потреба да направиме компарација помеѓу реалното битисување (оригиналот) и холограмското со информатички речник дигиталното опстанување (копијата, односно нашата моментал-

ната состојба). Човековата суштина која ја карактеризираме како реалнотост, односно оригиналот е оформен благодарение на еволутивниот стадиум на развој на индивидуата со моментална константа, додека холограмскиот симулациски приказ ако го идентификуваме со информатичарски речник (дигиталното) е алгоритамска креација којашто освен на интерпретација на сликовна визуализација не поседува ништо друго и се елиминирани ред атрибути. Таа дадена ситуација нѐ доближува кон максималистичките норми на ништото од причина што холограмот поддржува и во голема мера презентира идентични и повторливи процеси на историско одиграни цивилизациски акции, ситуации и моменти надополнувајќи ги со футуристичка идна приказна која на копијата не ѝ е позната, а е веќе сознаена и капитализирана содржина од реалното. Ќе се осврнеме на тоа дека холограмската симулација или парафразирано од наш агол на гледање делумното ништо егзистира благодарение на оригиналниот приказ (кој се има еднаш изреализирано во сосема различен димензијален параметар). Ако не фигурираше оригиналниот приказ, холограмската репродукција ќе го нема примерот и основата по која е обликувана, реализирана и формирана за да се емитува опстанувајќи како виртуелна сликовност, која како набљудувачи ќе си дозволиме да ја прифатиме како ликовен продукт. Оригиналот е двигател и според неговата физиономија, суштина, содржина и карактер се создава и повторува плагијаторската виртуелна холограмска симулација чија парадигма е ништото. Копираната состојба на индивидуата и се околу нас (нашиот моментален стадиум) функционира благодарение на молекули, атоми, позитрони и така натаму, додека, пак, компјутерската, дигиталната симулација е обликувана благодарение на фрејмови, пиксели итн.

Според овие претпоставки нашата реална содржина или вистинското постоење на оригиналот е реализиран во сосема различен хемиски, структурален, временски и димензијален

параметар, па тие елементие кои формирале реални објекти не се научно идентификувани и претставуваат габаритен суштински капацитет кој во моменталниот стадиум на егзистирање и како холограмски индивидуи или акцентирани копии не ги поседуваме. Ние сме создадени од атоми, молекули и хемиски соединенија кои ги поистоветуваме со моделот на симулациското, кое интерпретирано со технолошки терминологии би звучело како да сме оформени од фрејмови, пиксели, итн., чијашто функција е само да интерпретираат сликовна информација без општа материјалност. Бидејќи го поседуваме овој статус и стадиум на вредности тоа не насочува да се третираме како минорна информација со контекст кое го оправдува ништото, ништото кое го третираме како двигателна тема во нашите дела.

Abstaining from art

This textually - documented art performance, on which I will elaborate upon in this narrative has characteristics that relate to the movement of “neoism” or “parodistic–ism”, as a subcultural experimental direction, while the fact that I rely on the established principles of "neoism" is due to the fact that such an artistic action, meaning an art performance as presented in the work “Abstaining from Art”, is a counterpart to and has been previously performed by Stewart Home, entitled as “Art Strike” dating from the period 1990 to 1993. In essence, the artistic action is undertaken from another author, but I am exploiting exclusively the performance interpretation, i.e. our interest lies only in taking on the idea that one should not work and act, i.e. be active on an aesthetic level for a longer period of time, while the topic, concept and content that I treat and the reasons behind it are completely and diametrically different and polemicize with other aesthetic dimensions and connotations, unlike the topic that Art Strike deals with. Thus, these differences in the concepts will be presented in this text.

In this art performance, the focus is put on our abstaining from the sphere of aesthetics in the period from 2010 to 2022, a form where I do not valorize, perform, create, present, educate, nor do I commercialize in any segment of the science of beauty. I note that neither in a classic, nor in an alternative object, space or setting, have I exposed, exhibited, presented an artistic presentation, nor have I published or exhibited any cultural product, regardless of its media artistic physiognomy or culturological formation that treats and represents contents from any sphere of aesthetics. I have performed the aforementioned act over a 12-year period, and I am transforming and justifying that actualized

